CIVICA MOBILITAS

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2019 // CIVICAMOBILITAS.MK

МАГАЗИН БР.2

NIRAS FCG

МЦМС МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска)

CIVICA MOBILITAS

# ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ ВРОДУВА СО ПЛОД

„Упорноста се исплаќа и покрај сите негирања, закани, физички и вербални напади, инспекциски тортури од власта која не сакаше да зборува ниту да го решава проблемот со небезбедната вода во Гевгелија“ - ова е дел од фејсбук постот на граѓанската иницијатива „Арсена“ од Гевгелија. Тие на самиот почеток, постот го почнуваат со зборовите: Шест години неуморен граѓански активизам кој вроди со плод и со тоа го означија крајот на една голема битка за граѓаните, битка во која гевгеличани добија чиста и здрава вода за пиење во која, како што вели градоначалникот Поцков „нема арсен, само H2O тече низ домашните чешми“.

Цивика мобилитас ги поддржа неуморните активисти на Арсена кои дури 10 пати правеа анализи на водата во меѓународна лиценцирана лабораторија за да ја убедат локалната власт да преземе чекори за решавање на проблемот. Резултатите одеа и до 177% повеќе арсен од максимално дозволената граница, според Светската здравствена организација. Покрај властите, активистите на „Арсена“ ги информираа и граѓаните, ги едуцираа, а потоа заедно со нив организираа различни иницијативи за да направат притисок за изградба на нов бунарски систем за водоснабдување. И успеаја!

Ова е светол пример на граѓански активизам или ангажман. И за среќа, не е единствен. На пример „На точак“. Кога прв пат се собраа, во пролетта 2012 година многу малку се зборуваше, а уште помалку се правеше за подигањето на свеста за велосипедот како урбано превозно средство. Издигањето на ниво на рамноправен учесник во сообраќајот во Скопје, за што и тие би се согласиле, беше само убава замисла. Денес, по седум години активизам и извозени #81 Критична маса само во Скопје, илјадници луѓе имаат лична свест за урбаниот велосипедизам. И тоа не само во Скопје, туку и во други градови во државава. Скопје има над 80 км велосипедски патеки, низ градот и на кејот, а локалните власти работат на реконструкција и изградба на нови со кои ќе се поврзе целиот град. Има уште доста да се сработи би рекле ентузијастите од „На точак“, ама тие успеаја да го свртат вниманието и на претходната и на сегашната локална власт на ова прашање. Нивните предлози се добро промислени и секоја власт која има визија за иднината и ги предвидува трендовите ќе ги земе предвид.

И ако на крај се сумираат овие две приказни, ако се постават прашања, кој придонесе за чиста вода, кој покрена иницијатива и излобира за нови велосипедски патеки во главниот град? Единствениот можен одговор е граѓаните и тоа преку своето граѓанско ангажирање. Ангажирањето подразбира работа но таква работа со која ќе се направи промена во животот на една заедница, како на пример за жителите на Гевгелија или во заедницата на велосипедисти, а благодарение на нив и на сите учесници во сообраќајот.

За таква промена, потребно е работата да вклучи знаења и вештини, вредности и мотивација, како тие на активистите на „Арсена“ и „На точак“.

Градењето и одбраната на демократијата не подразбира само носење закони и спроведување избори, туку ги вклучува и сите други сегменти во живеењето на едно општество, што го прават општеството здраво.

АКТИВНИТЕ ГРАЃАНИ решаваат проблеми;

АКТИВНИТЕ ГРАЃАНИ избираат подобри лидери и поттикнуваат подобро лидерство;

АКТИВНИТЕ ГРАЃАНИ не им велат на политичарите „кажете нѝ што вие мислите дека сакаме да слушнеме“ туку „кажете ни ја вистината и ние ќе ви помогнеме подобро да си ја работите работата“.

Добредојдовте во новиот број на Граѓаните за промена на Цивика мобилитас, чија насловна тема е граѓанскиот активизам.

Гонце Јаковлеска
Национален координатор на
Цивика мобилитас за ИКО

ТЕМА

# ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН

# „Млади во акција“ ја подигнаа свеста за трговијата со луѓе преку 11 кампањи

Отворена порта веќе 20 години активно делува и обезбедува помош, поддршка и заштита на жртвите на трговија со луѓе. Повеќе од 1000 млади, на годишно ниво, се директно вклучени во превентивни активности, а околу 500 професионалци се дел од активностите за зајакнување на капацитетите на професионалците. Досега поддржале повеќе од 200 жртви на трговија, а околу 5000 јавувачи на СОС телефонската линија добиле информација, совет и поддршка.

Организацијата инвестира во надградување на знаењата и вештините на младите, во зајакнување на нивната самодоверба и практични вештини, проширување на видиците, во креирање на идеја и нејзина реализација, ги мотивира тие да ја пренесуваат најважната порака и да придонесуваат на промените во нивната заедница.

Овогодишната кампања „Млади во акција“ и поддршката на младинскиот активизам што го прави Отворена порта беа повод за разговорот со Стојне Атанасовска Димишковска, раководител на програма во оваа организација и Димитар Врглевски од Прилеп кој беше еден од учесниците во младинските кампањи.

**ГП: За оние кои првпат слушаат, дали ќе може да ни објасните што се младинските кампањи и која им е целта? Кој и како може да учествува?**

**СД:** Една од активностите кои што ги преземаме за превенција и едукација на младите за трговијата со луѓе се младинските кампањи. Тие се активности од млади за млади. Преку овој пристап воведовме нов младински модел на учење преку искуство кој што е иновативен, креативен и пред се прифатлив за младата популација. Преку спроведување на кампањите им се јакнат капацитетите на младите, но во исто време и нивната верба дека можат и умеат да придонесат во општественото живеење и да направат позитивни промени помеѓу своите врсници. Движењето #Младивоакција е отворено за сите кои што сакаат да се вклучат во борбата против трговија со луѓе. Селекцијата се прави преку јавен конкурс на кој младите во кратки црти треба да ја претстават идејата со која би придонеле во превенцијата.

**ГП: Младинските кампањи кои ги поддржавте на почетокот на годината се спроведоа во текот на пролетта. Раскажете ни нешто повеќе околу проектите**

**СД:** Во иницијативата #МладиВоАкција беа вклучени 11 младински локални кампањи со заедничка мисија „Заедно против трговија со луѓе“. Секоја медиумска кампања беше единствена по својот карактер, создадена од младите но, и во целост спроведена од нив. Пораката беше пренесена на повеќе од 100.000 граѓани. Како финален производ можеме да се пофалиме со документарниот филм „Отвори Очи“, театарската претстава „На своја кожа“, литературни и ликовни творби, мултимедијална изложба на социјален инкубатор, работилници, извиднички камп, герила акции, мобилна апликација итн. Сите мултимедијални продукти изработени од овие кампањи се достапни на www.lastrada.org.mk и фејсбук групата – „Заедно против трговија со луѓе“.

ПРОДОЛЖУВА →

**ГП: Како младите реагираат на трговијата со луѓе? Зошто се токму тие Вашите гласноговорници но истовремено и целна публика?**

**СД:** Младите се во највисок ризик на овој феномен. Според статистиката најголем број од жртвите идентификувани во земјава се на возраст од 12 до 16 години, а нивната информираност по ова прашање за жал е на ниско ниво.

Младите отсекогаш биле предводници на највлијателните движења, почнувајќи од борбата за правата на текстилните работнички па се до едно од најголемите движења за климатските промени кое се случува сега. Младите поседуваат огромен потенцијал и енергија кои што, доколку правилно се насочат можат да вродат со одлични резултати. Тие се креативни, иновативни, и секогаш можат да воведат нов пристап во работата.

**ДИМИТАР ВРГЛЕВСКИ - Учесник во младинските кампањи**

**ГП: Од каде мотивацијата да се вклучиш во борбата против трговија со луѓе?**

**ДВ:** Како општество премногу се чувствуваме безбедно, воопшто не се трудиме да се информираме, а тоа не прави лесни мети. Јас живеам во Прилеп, убав град, каде граѓаните се прилично пасивни и не се свесни за заканите од трговија со луѓе. Кога го видов повикот за младински акции, на некој начин почувствував обврска да направам нешто бидејќи мене ми е важно во каква средина живеам. Ако имам можност да придонесам во изградба на силна средина, би ја искористил без двоумење.

**ГП: Какво е твоето искуство од спроведувањето на кампањата? Кои беа најголемите предизвици со кои се соочи твојот тим?**

**ДВ:** Во процесот на спроведување на кампањата не можам да кажам дека наидовме на некои големи пречки. Тоа што мене лично ми пречеше и што го гледав како предизвик беше незрелоста кај младите. Несериозноста која ја покажуваа кон трговијата со луѓе на моменти беше до степен што воопшто не ја смета оваа појава за закана. Но, свесен сум дека тоа не е по нивна вина, туку поради нефункционалниот образовен систем и тоа е посебна тема.

**ГП: Како ја надминавте таа апатија и како ги мотивиравте сограѓаните да се вклучат во кампањата?**

**ДВ:** Да привлечеш внимание на пасивни луѓе не е баш лесно. Сметавме дека доколку допреме до нивните емоции би постигнале најдобар ефект, па така внимание привлекувавме преку социјални експерименти кои на почетокот имаа комична содржина, а исто така ги вклучувавме младите луѓе како лица на кампањата. Кога локалните млади ги претставивме како жртви на трговијата со луѓе преку фото и видео материјали, публиката почна на поинаков начин да гледа на проблемот. Степенот на сочувство растеше, а со тоа и интересот на луѓето да слушнат нешто повеќе за трговијата со луѓе.

**ГП: Според тебе, зошто е важно луѓето да се ангажираат во нивната заедница и дали сметаш дека тоа ќе доведе до решавање на конкретен проблем?**

**ДВ:** Ниту еден проблем не е решен од поединец (барем не во демократски средини). Мој личен став е дека доколку критикуваме и зборуваме за некој проблем, на некој начин и должни сме да преземеме нешто за тоа. Не треба да се има страв од здружување и луѓето треба да бидат свесни за потребата од нивно вклучување во општествените случувања. Тоа нема секогаш да биде лесно и едноставно. Но, ние сме средината во која живееме, ние со нашите постапки го правиме општеството да е такво какво што е. На крајот од денот, ние треба да ја преземеме одговорноста за ситуацијата во која што се наоѓаме.

Доколку сакате повеќе да се информирате за работата на отворена порта, можете да се јавите на бесплатна СОС линија 0800 11111 секој работен ден од 8 до 20 часот. Отворена порта беше институционален грантист во првата фаза од Цивика Мобилитас

# Герила акции на иницијативата „Поинаку“

Независните советници од Советот на општина Битола, Габриела Илиевска и Иван Чулакоски од независната иницијатива „Поинаку“, заедно со нивните приврзаници, се појавија на црвениот тепих на отворањето на фестивалот „Браќа Манаки“ со маици со натпис „Кажи им на облаците дека Битола умира“.

„Нашата порака е дека Битола умира чекајќи да дојдат подобри времиња со загадувањето и во сите области да настанат подобри промени. Сакаме да порачаме дека градот е заборавен. Секојдневно се соочуваме со иселување, заболувања. Заборавен е во цела Северна Македонија и сакавме да потсетиме дека постои. Не ни е целта да го бојкотираме фестивалот, напротив тој мора да постои, но сакавме да укажеме пред јавноста дека Битола живее само во таа недела додека трае „Браќа Манаки“, изјави Гарбиела Илиевска за САКАМДАКАЖАМ.МК.

„Поинаку“ е здружение на граѓани кое на последните локални избори излезе самостојно и освои две советнички места, што се случува за првпат во општина со над 40.000 жители. Нивната мисија е да ги решаваат локалните проблеми и директно да ги вклучат граѓаните во одлуките кои ги носат политичките избраници.

Здружението има преземено повеќе независни иницијативи меѓу кои и поставувањето 50 држачи со ќеси за ѓубре низ градските улици, кои беа отстранети од ЈП „Комуналец“ бидејќи собирањето смет надвор од обележаните места е спротивно на Законот за јавна чистота и Одлуката за одржување на јавна чистота на јавните површини во Битола.

Меѓу останатите акции за почиста Битола се вбројуваат иницијативите за чистење на помошните објекти на „Офицерскиот дом“, средувањето на „Белата чешма“ и отстранувањето на плакатите и средувањето на автобуските постојки низ Битола.

*(Фото: СДК)*

# „Го најдовме вистинскиот начин да дојдеме до младите на фестивалите“

„Овогодишното учество на ХОПС на Д-фестивалот ги надмина сите претходни“, вели Биљана Маџар од ХОПС, а нејзиното мислење го делат и нејзините колеги од организацијата кои беа дел од активностите од 12 до 14 јули во Дојран.

И Биљана и нејзината колешка Благородна Коцева-Симјанов потенцираат дека во претходните две години ХОПС барал начин да им се приближи на младите и да ги информира и едуцира за злоупотребата на дроги и намалувањето на штетите од тоа.

Оваа година ХОПС им понуди повеќе едукативни настани под наслов „Дроги и музички фестивали“. Настаните вклучија: разговор со психолог; информации за намалување на штети од комбинирање на дроги; креативни изработки на тема (ре)употреби го умот; обраќање од психијатар на тема: „Канабис како потенцијал за лечење на анксиозност“, разговор со правник за правата при средба со полиција и сл.

„Интересот на младите да зборуваат со психологот не изненади“, вели Биљана. „Не им пречеше да стојат пред шаторот и да чекаат дури и по еден час за да влезат и да поразговараат. Ова се нови генерации кои очигледно се поотворени за ваков тип активности“, додава таа. За два дена, помеѓу 30 и 40 млади биле на разговор со психологот, индивидуално или групно. На почетокот тие пополнуваат прашалник, а потоа разговараат со стручното лице.

„Кога ја закачивме таблата на која имаше табела со дроги и нивни комбинации, младите покажуваа интерес од дистанца“, раскажува Благородна. „На почетокот по некоја фотографија од далечина, а како поминуваше вре-

ПРОДОЛЖУВА →

мето почнаа да се приближуваат за подобро да ги видат информациите за на крај да се опуштат и да разговараат за тоа со нас“. Таа вели дека ваквите контакти со младите за нив се особено корисни затоа што на тој начин и тие собираат информации кои потоа им помагаат да го прилагодат својот пристап.

Креативниот тим им помогнал на учесниците креативно да се изразат преку изработка на маски и други рачни изработки за кои користеле пластични шишиња и друг вид отпад од фестивалот.

„Сметаме дека го најдовме вистинскиот начин да дојдеме до младите на фестивалите, да ги вклучиме во едукативни и информативни разговори и да помогнеме да се намалуваат штетите предизвикани од дроги“, вели Биљана.

Учеството на ХОПС на Д-фестивалот беше дел од проектот „Креативна акција за општествени промени: Граѓански ангажман на луѓето во социјален ризик“, што финансиски го поддржува Цивика мобилитас

## Еколошка акција - „Белото е чисто и здраво“

Дваесет волонтери на Центарот за одржлив развој на заедницата од Дебар (ЦОРЗ), 10 млади од градот Ифс од Франција кои беа гости на здружението и над 30 граѓани од Дебар, млади, сопственици на продавниците и станари на околните згради на улицата „8 Септември“ се вклучија во еколошката акција на здружението за дезинфекција на дрвјата во центарот на градот со вар и прскање со инсектицид што се организираше на 24 јули 2019 година.

„Главната цел на акцијата беше подигање на јавната свест кај граѓаните на Дебар за зачувување на младите дрвја на главната сообраќајница во градот, како и нивна биолошка и атмосферската заштита “, рече Шуип Марку, раководител на програма во ЦОРЗ Дебар.

Учесниците во акцијата дезинфицираа и намачкаа со вар над 300 стебла. Белата вар освен визуелен ефект има и ефект на заштита од сонцето и дезинфекција на кората на стеблото. Акцијата е дел од проектот „Заедно за чист Дебар“ кој е поддржан од Цивика мобилитас со акциски грант.

## Ја движам промената, читам „Лице в лице“

Единственото улично списание во земјава, „Лице в лице“, го прослави својот седми роденден за време на фестивалот „Ден на граѓанските организации“ под мотото „Ја движам промената, читам ‘Лице в лице’“. Одбележувањето на роденденот беше можност да го промовира 37. издание посветено на климатските промени и животната средина.

„Лице в лице“ и по седум години останува посветено на својата кауза: одржлив развој, засилување на ранливите, информиран граѓанин, граѓанин во акција.

„Со толку многу енергија постојат ли воопшто шанси да не успееме да го смениме општествениот наратив кој не влече надолу? Мислам дека одговорот сите го знаеме. Граѓанинот може, а тоа се обидуваме да го покажеме сите ние“, рече во својот говор извршната директорка на Паблик, Климентина Илијевска.

Ова списание пионерски го изоде патот на социјалното претприемништво во земјава кое придонесува кон социјална и работна реинтеграција на ранливите категории преку социјален контакт, почитување правила и стекнување навика за структуриран животен стил што им овозможува на ранливите лица подготовка за отворениот пазар на труд.

Продавачи на списанието, или како што се нарекуваат „промотори на општествена промена“, се маргинализирани лица – младинци од улица над 16-годишна возраст, бездомници, лица со посебни потреби, приматели на социјална помош, поранешни корисници на дрога и алкохол, поранешни затвореници. Од секој продаден примерок (кој чини 100 денари), продавачите на списанието задржуваат 50 отсто од износот, а со останатата половина се гради систем за нивна поддршка и се печати нов број на списанието.

# ЛГБТИ активизмот клучен за зголемена видливост на проблемите на ЛГБТИ заедницата

фотографија: Ванчо Џамбаски

Последната сабота од јуни оваа година, Националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија, на скопските улици ја организираше првата Парада на гордоста „Скопје прајд“ чија цел беше да го сврти вниманието на јавноста кон ЛГБТИ луѓето, односно кон нееднаквоста, стимата, неприфаќањето и насилството со кое се соочуваат. Парадата започна од паркот „Жена борец“, а учесниците се движеа кон Градскиот парк каде по кратките обраќања останаа на повеќечасовно дружење. Целиот настан помина достоинствено и без инциденти. „Скопје прајд“ беше повод да поразговараме со Ирена Цветковиќ, извршна директорка на Коалицијата „Маргини“, членка на Националната мрежа.

**ГП: Како долгогодишен борец за правата на ЛГБТИ луѓето, дали си задоволна од тоа како се одвиваше Парадата на гордоста во Скопје? Од бројот на поддржувачи што излегоа на улиците? Од реакциите што ги предизвика? Од одекот што го имаше во медиумите?**

**ИЦ:** Задоволството од првата парада на гордоста во Скопје мислам дека го делат сите оние кои ја поддржуваат борбата за правата на ЛГБТИ заедницата. Јас лично сум презадоволна од организацијата и одржувањето на овој марш. Она што мене ми прави особена радост беше ненаметливото присуство на полицијата, која во некои земји од регионот знае дури и да ја засени поворката. Понатаму, емоциите и енергијата која ја споделуваа сите присутни, поздравите и поддршката од случајните минувачи итн. Конечно, најголемо задоволство ми причинуваше фактот што на првата парада на гордоста имавме огромно присуство на лица од ЛГБТИ заедницата, кои дури сериозно ја надминаа бројката на поддржувачи.

Иако бројките не се секогаш важни, вредно е да споменеме дека нашите очекувања и желби беа да стигнеме до бројка од 500 присутни. Можете да замислите колку бевме позитивно изненадени кога на парадата пристигнаа околу 2000 луѓе. Сметам дека огромната посетеност се должи на тоа што првата парада се случи во вистинско време, неусилено, спонтано и логично. Секако дека реакциите се различни и дека постојат луѓе кои сметаат дека никогаш не е време за парада, но и тоа е сосема очекувано и нормално во демократски општества. Ние сме горди и среќни заради огромната поддршка и позитивните реакции на голем дел од нашето општество.

## МАРШ ЗА ТРАДИЦИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ

Дел од граѓаните го искажаа своето несогласување со „Скопје прајд“ преку учество во граѓанско-верскиот собир што се одржа во ист ден со парадата на гордоста. Мотивот на организаторите, иницијативата „Сојуз за живот“ беше да се потенцираат „вистинските традиционални семејни вредности и начин на живот“. Маршот започна пред црквата „Св. Богородица“, а заврши пред Соборниот храм „Св. Климент Охридски“.

Дел од пораките на организаторите беа наменети на носителите на одлуки, како на сегашните, така и ни идните. Тие сметаат дека најголем дел од верниците не се согласуваат со редефинирањето на бракот и семејството. „Полот и родот се биологија, а не идеологија“, „Традиционалното семејство е секогаш во мода“ беа дел од паролите на учесниците на маршот.

Маршот го поддржа и партијата Единствена Македонија.

Конечно би сакала да ги пофалам и медиумите кои беа на висина на задачата и коректно известуваа за парадата. Говорот на омраза беше присутен во огромна количина, но на социјалните мрежи, а не во рамки на медиумските содржини. Можеби токму говорот на омраза мотивираше дел од луѓето да дојдат и да не` поддржат, така успеавме и од најлошото да го извадиме најдоброто.

ПРОДОЛЖУВА →

**ГП: Парадата на гордоста се поклопи со 50 годишнината од „бунтот во Стоунвол“. Дали толку доцниме со борбата за правата на ЛГБТИ луѓето?**

**ИЦ:** Првата парада на гордоста во Скопје свесно ја најавивме на датумот на кој се одбележува 50 годишнината од бунтот во Стоунвол. Постоеја две клучни причини за тоа: 1. Да го одбележиме овој за нас исклучително важен историски настан и 2. Да покажаме дека доцниме точно половина век во борбата за човекови права. Ние сме свесни дека живееме во конзервативно и традиционално општество, но исто така сме свесни и дека нашиот народ се` повеќе ја разбира моќта на општествената еманципација и силата на прогресот. Со други зборови, можеби доцниме 50 години, но барем чекориме напред наместо да стоиме во место.

**ГП: Според тебе, колку активизмот придонесе за видливоста на проблемите на ЛГБТИ луѓето?**

**ИЦ:** Активизмот, а особено ЛГБТИ активизмот има клучна улога во видливоста на проблемите на ЛГБТИ луѓето. За жал, во овој аспект навистина заостануваат академијата, интелектуалците, културните, просветните, па дури и медиумските работници. Она што радува е што сè повеќе млади луѓе сакаат да се бават со активизам и веруваат дека можат да бидат носители на промените кои ги посакуваат.

**ГП: Може ли активизмот да придонесе кон надминување и на други проблеми, без разлика дали се поврзани со маргинализирани групи или со општеството во целина?**

**ИЦ:** Апсолутно верувам во испреплетеност на активистичките идеи и вредности, односно секое движење, колку и да се однесува на конкретна група луѓе или тема придонесува за демократизација на целокупното општество. Последниве години често ја слушаме синтагмата „Едно општество за сите“. Токму тоа едно општество за сите е возможно доколку сите заедно, секој во своето поле, се бори и вложува во кауза која е добра и полезна за сите.

# 20-та година Црвен крст во акција – промовирање хумани вредности ЦКА-ПХВ

Оваа година, преку ЦКА-ПХВ програмата 1091 младинец од целата земја беа дел од 150-те мали проекти. Спроведувачите се на возраст од 13 до 17 години, а некогаш и помлади.

Младите собраа парични средства за лекување на дете со церебрална парализа, помогнаа при финансиско осамостојување на лице кое примало социјална помош, придонеле кон чувството на еднаквост меѓу децата и младите во Дневниот центар за деца и млади со попреченост во Велес. Исто така, и помогнаа на баба Цава од Чашка (најниската жена во земјава) со тоа што и обезбедија болјер и го поттикнаа реновирањето на нејзината куќа. Помогнаа на единаесетчлено семејство со обезбедување храна, облека, средства за хигиена и предмети за домот.

Од сите проекти изработени во 2019 година, најбројни, најуспешни и највисоко оценети беа шесте проекти кои ги изработија 40 млади волонтери на Црвен крст Охрид со кои помогнаа на повеќе од 100 лица од ранливата категорија на граѓани.

# Скопје се приклучи кон глобалната „Недела за иднината“

Скопје е дел од глобалниот бран на климатско будење! Со прекрасна енергија и во најголем број досега, со поддршката на „О2 Иницијатива“, „Не биди ѓубре“, „Движење за чист воздух“, „Скопје смог аларм“ и „Го сакам Водно“; Петоци за иднината (Fridays For Future) на 20 септември го означија почетокот на „Неделата за иднината“ со лепење на нивните барања пред влезот на Владата.

„Прогласување на климатска вонредна состојба на национално ниво; активирање на специјално национално тело – комисија за борба против климатски промени; затворање на постоечките електрани на јаглен и преминување до 80% обновливи извори на енергија до 2030 и 100% до 2050 година; план за намалување на употребата на автомобили, заедно со комплетна обнова и проширување на капацитетите на јавниот транспорт; воведување климатската проблематика во формалното образование“, беа само дел барањата на оваа иницијатива.

„Целата климатска револуција почнува од секој од нас. Постојано велиме ‘Што можам како човек да сменам?!’. Апсолутно можеш да смениш – многу! Една многу важна работа е активизмот. Некако да се вклучат повеќе млади, поради тоа што многумина од нас, кога сме во средно, како да не не’ интересира што се случува во светот. И тоа не е во ред. Факт е дека имаме алармантна ситуација, па, мора да се направи нешто за видлива промена. Пример... не мора да се станува веган, иако тоа е супер, но убаво е кога одиш во супермаркет, да знаеш од каде доаѓа таа храна која ја купуваш“, рече Еди Фрцовски, студент по биологија на ПМФ.

Настанот доби слаба медиумска покриеност иако учесници беа стотици граѓани, меѓу кои звучни еколошки здруженија.

На 21 септември „Петоци за иднина“ учествуваше во велосипедско возење низ Скопје во организација на Еко свест и #НаТочак, додека ден подоцна го поддржа настанот „Пречек на трамвајот наречен Желба за чист воздух“ во организација на „Ние сме Карпош 4“ и „Еко-Карпош 3 2 1“, во рамките на проектот „Еко-ремет“.

На 25 септември, се одржа панел дискусијата на која учествуваа тројца од најголемите експерти за климатските промени во државава: проф. др. Ристо Цицонков, автор на првиот извештај за климатски промени за Северна Македонија од 2002 година; проф. др. Наташа Марковска, претставник на Северна Македонија за Меѓународниот панел за климатски промени (IPCC); како и м-р Симона Гетова, алумнус на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта по менаџмент и политики за животна средина. На 26 септември се одржа работилница „Градење моќ и глокално дејствување“ во организација на Млади пријатели на земјата Македонија (Young Friends of the Earth Macedonia), а неделата заврши со уште еден петочен протест кој започна пред Министерство за животна средина и просторно планирање.

Во меѓувреме Татјана Чакулев, активист во еколошката организација „О2 Иницијатива“, во интервју за Скопско Ехо нагласи дека мерките предвидени за оваа година или се тргнаа од Програмата која претрпе измени на крајот од август, или се во фаза на јавни повици и една јавна набавка, без склучен договор. Ниту една мерка не е имплементирана и реализирана, иако тоа требало да се случи пред почетокот на грејната сезона.

фотографија: Ванчо Џамбаски

ВЕСТИ

# ОД ГРАѓАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

## Партизирани раководни структури во државните претпријатија

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) го објави истражувањето **Право или политика: Изборот на членови на управните и надзорните одбори во државните претпријатија**.

Наодите покажуваат дека Владата и единиците на локалната самоуправа немаат официјален документ што го регулира процесот на селекција на членовите на раководните органи на претпријатијата што ги основаат. Тие, како основачи, не објавуваат огласи за избор на членови во раководните органи на државните претпријатија, не вршат проверка на квалификуваноста ниту, пак, ги интервјуираат потенцијалните кандидати. Ваквиот нетранспарентен процес повлекува основани сомнежи дека списоците за именување на членови на управните и на надзорните одбори на претпријатијата во државна сопственост се составуваат надвор од институциите, односно во партиските кругови.

„Врз основа на биографиите можевме да констатираме дека во управните одбори има сопственик на златарски дуќан, раководител на бензинска пумпа, многу луѓе вработени во општините, секретари на училишта, раководители во други државни претпријатија и сл. Во однос на надзорните одбори кои треба да го контролираат финансиското работење на државните претпријатија, констатиравме дека само една третина навистина го имаат потребното искуство од областа на финансиите за да можат да го следат материјално- финансиското работење на државното претпријатие," вели Сабина Факиќ од ЦГК.

Од ЦГК предлагаат да се донесе подзаконски акт во кој прецизно ќе се уреди како ќе се врши изборот на членови во управните и надзорните одбори. Со сите механизми ќе се обидат да допрат до надлежните за реализирање на нивната иницијатива.

**Добиени одговори за биографиите на членовите на УО и НО**




## Зелена лупа и ОЖ Струмица го заживуваат Законот за пробација

Дури 83% од испитаниците, затвореници во Казнено-поправната установа затвор Струмица не знаат што е тоа пробација, а ист е процентот и на оние кои не знаат што е тоа условен отпуст со заштитен надзор покажа истражувањето на здруженијата „Зелена лупа" и „Организација на жени – Струмица" објавено во почетокот на јули оваа година.

Иако Законот за пробација е донесен на крајот на 2016 година, неговото спроведување се уште оди многу бавно. Јавноста не е доволно информирана, а според резултатите од анкетата на овие две организации, ниту оние кои се директно засегнати не се информирани.

### ШТО Е ТОА ПРОБАЦИЈА?

Пробацијата претставува „условена слобода" која подлежи на надзор над извршителот на кривичното дело. Целта на Законот за пробација е „заштита на заедницата од криминал и ресоцијализација и реинтеграција на лицата спрема кои се извршуваат пробациските работи" (чл. 2). Алтернативните мерки кои можат да се изречат со овој закон се условна осуда со заштитен надзор, куќен притвор и општокорисна работа. Покрај ресоцијализацијата и реинтеграцијата на осудените лица, од овие мерки државата ќе има и финансиска полза. Според м-р Јасмин Калач, „еден ден затвор во нашата држава чини 950 денари, а еден ден пробација само 50 денари" (**http://respublica.edu.mk/blog/2019-05-13-08-37-21**)

Според резултатите од истражувањето, 96% од испитаниците се мотивирани за ресоцијализација и реинтеграција во општеството по истекувањето на казната и не знаат дека постојат посебни мерки на Агенцијата за вработување за нивно вработување по истекот на казната.

Двете здруженија, со активностите од проектот „Заживување на законот за пробација на локално ниво преку ефективни партнерства во општина Струмица", поддржан од Цивика мобилитас, организираа информативна работилница за осудените лица на кои ги информираа за можностите кои ги нуди Агенцијата за вработување, а кои произлегуваат од Законот и за проектот и неговите активности кои предвидуваат активно вклучување на самите затвореници.

ПРОДОЛЖУВА →

Од одговорите се гледа дека 77% се подготвени за стекнување занает/вештини за изработка на бетон, бекатон плочки и останати елементи од бетон. Речиси сите (93%) се сигурни дека нема да прибегнат кон сторување ново кривично дело доколку по истекот на казната имаат обезбедено работно место, а претходно се стекнале со занает. Ова е и основната идеја на проектот на Зелена лупа и Организацијата на жени – Струмица со кој, покрај информирањето и градењето на свест за мерките за пробација на сите засегнати страни, 30 осудени лица ќе бидат подготвени за пазарот на труд со што ќе се придонесе тие да ги исполнат критериумите за алтернативна мерка условен отпуст.

Зелена лупа и ОЖ Струмица во спроведувањето на проектот имаат интензивна соработка со општината, КПУ затвор Струмица, Центарот за социјални работи, пробациските службеник, Агенцијата за вработување но, и со бизнис задницата.

## Над 60% од граѓаните сметаат дека еколошките проблеми треба да ги решаваат општините

Владата на Република Северна Македонија организираше Отворен ден за консултации со граѓанскиот сектор за Програмите за намалување на аерозагадувањето на 18 септември 2019 година. Граѓанските организации придонесоа преку иницијативи за имплементирање мерки за борба против аерозагадувањето, кои се однесуваа на предлози за идентификување на индустриски загадувачи со засилување на инспекции, како и активности и мерки за енергетска ефикасност и конкретни мерки за борба против т.н. енергетска сиромаштија.

Ана Чоловиќ-Лешоска, од здружението „Еко-свест“ укажа на резултатите од најновото испитување на јавното мнение со фокус на загадувањето на воздухот и управувањето со отпадот, како две горливи теми. Според него, скоро 60% од испитаниците сметаат дека главните надлежности за справувањето со загаденият воздух лежат во општините. Поразителен е резултатот од анкетата кој вели дека повеќе од 50% од испитаниците не знаат дека се спроведуваат мерки на ова поле или мислат дека истите не се спроведуваат добро.

Позитивно е што над 75% од испитаниците изјавиле дека би направиле промена во нивното живеење, односно би земале кредит со ниска каматна стапка, би имплементирале мерка ако финансиската помош е целосна или би имплементирале мерка доколку имаат еднократна делумна финансиска помош.

„Во граѓанскиот сектор говоревме дека во Битола треба многу повеќе да се преземе како одговорност. Досега навистина можеа да го трансформираат во зелен град и да се вложи многу повеќе во воспоставување на јавен превоз“, констатираше Чоловиќ-Лешоска, наведувајќи го работењето на РЕК Битола како главен виновник за што битолчани најсилно ги чувствуваат последиците од аерозагадувањето.

Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање, Јани Макрадули, ги презентираше предлог-мерките за вклучување во активностите меѓу кои: воспоставување на здравствено-еколошки информативен систем за следење на ефектите од аерозагадувањето и унапредување на системот за следење на видот на загадувачки материи, дислокација на дивите населби во Скопје, замена на начинот на греење на здравствените установи во најзагадените градови и прилагодување на старите автобуси и градежни машини кои загадуваат со поставување на специјални системи за редукција на штетните емисии.

Тој исто така го најави и законското решение за замена на печките на дрва кај индивидуалните семејства со клима уреди - инвертери (обновлив извор според стандардите на ЕУ) коишто ќе бидат субвенционирани 100%.

# Само 11% од вкупното производство на енергија е од обновливи извори

Најрано на крајот на следната или почетокот на 2021 година, граѓаните на Скопје можат да очекуваат дека гасот ќе стигне до нив, рече Бајрам Реџепи, директорот на Македонски енергетски ресурси (МЕР) одговарајќи на новинарско прашање на панел дискусијата „Обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност за подобра животна средина“, што ја организираше Институтот за комуникациски студии (ИКС) на 24 септември оваа година.

Според градоначалникот на Скопје, Петре Шилегов, минатата година е завршена секундарната мрежа и сега треба да започне последната фаза по која гасот ќе стане достапен за домаќинствата. На панел дискусијата, Шилегов потенцирал дека дел од производствените и индустриските капацитети се префрлени на природен гас како и сите топлани.

Граѓаните на Ѓорче Петров, Радишани, Бутел, Гази Баба и Драчево треба да бидат првите кои ќе го добијат природниот гас во домовите. Ниту ним, ниту на останатите не им одат во прилог недоразбирањата меѓу централната и локалната власт кои се однесуваат на различните концепти за тоа кој треба да ги приклучува домаќинствата со природен гас. Ова особено ако одолговлекувањето на решение значи одолговлекување и на доаѓањето на гасот во домаќинствата.

Покрај гасификацијата која значително ќе го намали загадувањето, министерот за економија Крешник Бектеши рече дека веќе се преземаат мерки за поголема енергетска ефикасност, како градење соларни колектори, замена на дрвените со алуминиумски прозорци, набавка на печки на пелети итн. Експертите побараа да се искористат сите алтернативи од обновливи извори на енергија.

Количеството струја произведено од обновливи извори на енергија изнесува само 11% од вкупното производство на енергија, се вели во вториот двогодишен извештај за климатските промени во Северна Македонија. Дури 80% од потребите за електрична енергија се задоволуваат главно со употреба на јаглен што придонесува за штетните влијанија на климатските промени.

Панел дискусијата е дел од кампањата на ИКС за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!.

## Набљудување на успешноста на работата на Државната комисија за спречување корупција

Платформата на граѓански организации за борба против корупција одржа конференција за започнување на проектот „Набљудување на успешноста на работата на Државната комисија за спречување корупција“. На конференцијата беше презентирана методологијата за набљудување на отчетноста на засегнати институции по одлуките на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) со цел да се истражи квалитетот на постапување по препораките на ДКСК, а со тоа да се подобри работата на индивидуалните институции.

Марко Трошановски, претседател на Институтот за демократија – Социетас цивилис, Скопје (ИДСЦС), истакна дека со овој проект се цели да се постигне креирање на колективен имунитет на институциите во борбата против корупцијата, односно да се спречи феноменот, наместо да се лекува.

„Со правење јавен притисок од нас како граѓанско општество врз институциите за кои што ДКСК дала препораки за постапување по наоди за корупција, се надеваме дека институциите конечно ќе почнат да ја вршат својата работа и тоа ќе премине во нивен капацитет и пракса. Ќе се насочиме и кон продолжување на комуникацијата помеѓу ДКСК и Платформата, а тема ќе биде и Националната стратегија за борба против корупција каде што Собранието треба да има голема улога од аспект на надзор“, рече тој.

Миша Поповиќ, постар истражувач во ИДСЦС, ја презентираше методологијата за набљудување каде е определено во кои области е најприоритетно да се интервенира во борбата против корупцијата. „Критериумот не беше само колку често се случува корупцијата во некои области, туку какво влијание има корупцијата врз големата слика. Илустративно, во некоја област можеби годишно има 1.000 подмитувања, но сите тие заедно можеби претставуваат помала штета за општеството од корумпирана измена на еден урбанистички план со кој се придонесува врз загадувањето. Токму ваков пристап потребно е да видиме од страна на ДКСК“, вели Поповиќ.

## Човековите права во бизнис-секторот се само на хартија

Осумдесетина претставници од стопанските комори, компании, граѓанските организации и меѓународни експерти заклучија дека имплементацијата на Водечките принципи за бизнис и човекови права на ОН (ВПОН) во политиките и работењето на бизнисите во голема мера зависи од создавањето на поттикнувачки услови од страна на државата и од напорите на бизнисите и нивните организации.

За посветеноста на државата кон човековите права и нивната поврзаност со ЕУ интеграциите говореа министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска и висок претставник на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, Вирве Вимпари.

Во своето обраќање, Никица Кусиникова, извршна директорка на Здружението „Конект“, рече дека ново поглавје во начинот на кој компаниите ширум светот го водат својот бизнис почна во 2011 година кога Обединетите нации ги усвоија Водечките принципи за бизнисот и човековите права.

„Додека претходно државата ја имаше примарната улога во почитувањето на човековите права, сега е општо прифатено дека компаниите имаат подеднакво одговорност да ги почитуваат во сите сегменти на работењето, од вработените, потрошувачите, ланците на снабдување, заедницата во која што работат. Во нашата земја рамката за бизнисот и човековите права е многу малку позната па преку оваа иницијатива сакаме нашите компании, институции и други чинители да ги вклучиме во глобалните текови“, рече извршната директорка на „Конект“, организација која што долги години работи на поттикнување на општествената одговорност.

Отворено се дискутираше за имплементацијата на ВПОН во јавните политики на државата и во внатрешните политики на компаниите.

Покрај тоа беа споделени наодите од истражувањето „Почитување на човековите права во бизнис секторот“ според кое компаниите повеќе декларативно се грижат за човековите права во обемот во кој тоа го налагаат правните прописи, додека, сè уште е мал бројот на компании, коишто имаат направено обид за интегрирање на ВПОН во своите интерни политики и спроведуваат претходна проверка на човековите права.

Во пракса мал број компании применуваат суштински приод кон заштитата на човековите права. Само 28,8% од вклучените компании прават проценка на ризиците поврзани со човековите права, а 13,6% потоа преземаат некаков обмислен пристап во оваа насока.

# Овозможувачка околина

## Првпат по шест години има подобрена овозможувачка околина за граѓанското општество

На тематскиот форум на Цивика мобилитас (9.7.2019г.) посветен на опкружувањето за граѓанските организации, над 80 претставници на граѓанските организации дискутираа за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество за 2018 година.

„Околината во која делуваше граѓанското општество во текот на 2018 година, беше значително унапредена за граѓанските организации. Позитивните наоди се значајни, особено имајќи предвид дека по шест циклуси на следење на овозможувачката околина, за прв пат се регистрирани бројни постигнувања во насока на поддршка и развој на граѓанскиот сектор“, рече Симона Огненовска, една од авторките на Извештајот за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество за 2018г.

Беше истакнато дека слободите на здружување, собирање и изразување беа законски загарантирани и главно почитувани и обезбедени во практика, а клучно беше затворањето на инспекциите кои започнаа врз 22 организации на крај на 2016 година.

Финансиската рамка за одржливост на граѓанското општество беше делумно унапредена, а клучни измени настанаа во Законот за данок на добивка, при што за првпат по долгогодишни напори на граѓанските организации, тие беа иззмени како субјекти на Законот.

Во третата област, односот меѓу Владата и граѓанските организации, унапредувањето на состојбата е најзначително и истото се рефлектира преку воспоставувањето и ефективното функционирање на Советот за соработка со граѓанските организации и донесувањето на третиот стратешки документ Стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020.

За време на панелот, Гордана Гапиќ Димитровска, државен советник од Министерството за информатичко општество и администрација говореше за вклучувањето на граѓанските организации во креирањето политики и ги презентираше резултатите од првиот Годишен извештај за оценка на консултациите во 2018 година.

Освен тоа, Билјана Спасовска, од Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН), ги сподели регионалните искуства во врска со намалените простори (shrinking spaces) со кои се соочуваат граѓанските организации на Балканот. Меѓу другото, таа напомена дека се води црна кампања против здруженијата, активистите и истражувачките новинари, додека граѓанското општество станува се посилно и делува како противтежа во оваа ситуација.

Дел од препораките кои се истакнаа се однесуваа на потребните измени во Кривичниот законик со кој претставниците на здруженијата и фондациите се третираат како службени лица; ставање на тековниот Закон за лобирање вон сила; како и поедноставување на процедурите при регистрација на проекти ослободени од ДДВ. Во однос на очекувањата за директна финансиска поддршка од државата, потребно е да се воспостави фонд за развој на граѓанското општество, да се обезбеди кофинансирање за проектите поддржани од странски донатори, потоа потребно е од праксата на едногодишно финансирање да се премине кон повеќегодишна организациска и проектна поддршка; да се зголеми транспарентноста, ефективноста и отчетноста при постапката на дистрибуирање на средствата, но и при трошењето на истите од страна на организациите.



ВЕСТИ

# ОД ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# Фестивал на Цивика мобилитас - Интерактивно запознавање во срцето на Скопје

Фестивалот на Цивика мобилитас под насловот „Ден на граѓанските организации“ се одржа на плоштадот Скендербег и во паркот Ибни Пајко на 14 септември 2019 година.

„Искрено се надевам дека денешниот настан ќе придонесе да се зајакнат врските и да се зголеми довербата на граѓаните кон граѓанските организации“, рече нејзината екселенција Сибил Сутер Техада, амбасадорка на Швајцарија во Република Северна Македонија во нејзиното поздравно обраќање на отворањето на настанот. Таа додаде и дека присуството на граѓаните „во толку голем број е јасен знак дека граѓаните се повеќе сфаќаат дека граѓанските организации се најдобриот начин да го направат нивниот глас посилен во постојаната борба за нивните права.“ Покрај амбасадорката Сутер Техада, поздравни обраќања имаа и Љубица Јанчева, претседателка на Советот на Град Скопје, Захир Бектеши, претседател на Советот на општина Чаир и Климентина Илијевски, извршна директорка на Паблик.

Програмата ја сочинуваа повеќе од 80 паралелни настани како и настап на танцовото студио Ит д Бит (Eat the Beat), модна ревија на 15 ученици од Дебар кои носеа модели направени од рециклирани материјали (од Центарот за одржлив развој на заедницата) и Гоце САФ и Страјк.

Посетителите имаа можност да се информираат за граѓанските организации, нивните постигнувања како и за можностите да бидат вклучени во активностите. Програмата беше богата и разнолична.

Во креативното, едукативното и младинското катче се организираа работилници, квизови обуки, прикажување на видео стории на темите на кои работат организациите. Покрај ова, и граѓанските организации во паркот Ибни Пајко организираа голем број активности од квизови, работилници за одржување велосипеди, изработка на ракотворби, игри за млади планинари и извидници, изложба на маици, еколошки монопол, прва помош, садење дрвја, тестирање за ХИВ итн.

Повеќе од 1000 луѓе учествуваа на фестивалот. За дел од нив тоа беше уникатна шанса да комуницираат со граѓанските организации, да ги споделат своите мисли и идеи, па дури и да се приклучат на некои иницијативи. За оние од граѓанскиот сектор, ова беше добра шанса за вмрежување и пронаоѓање на потенцијални партнери. Организациите што учествуваа изразија задоволство бидејќи настанот им помогна да ја зголемат својата видливост, а некои дури и мобилизираа нови членови на самото место.





# Цивика мобилитас ги промовираше првите 27 грантисти

Цивика мобилитас на 9 јули 2019г., во х. Арка во Скопје ги промовираше новите акциски и институционални грантисти. Амбасадорката на Швајцарија, нејзината екселенција Сибил Сутер Тејада им ги врачи сертификатите на грантистите.

Таа им порача дека тие се сржта на новата фаза од Цивика Мобилитас бидејќи се главните актери кои ја креираат и придонесуваат за промените во општеството.

Вкупно 12 организации добија акциски грантови наменети за поддршка на граѓанските организации кои сакаат да ги промовираат нивните каузи и активности со вкупен буџет од речиси 21 милион денари. Планираните активности кои ќе ги спроведуваат се во секторите на здравје и здравствена заштита, демократија, информации и комуникации, лица со посебни потреби, животна средина, човекови права, владеење на правото и родови прашања.

На настанот се промовираа и новите 15 институционални грантисти чиј буџет изнесува над 66 милиони денари. Овие организации се активни на полињата на информации, комуникации и медиуми; човекови права; развој на граѓанското општество; владеење на правото; антикорупција; ЛГБТИ; добро владеење; животна средина; и деца, млади и студенти.

Организациите добитници се од Скопскиот, Вардарскиот, Полошкиот, Источниот, Североисточниот и Југозападниот регион.

# Искачување на Солунска Глава по повод годишнината од обележувањето на патеките

На првата годишнина од одбележувањето на планинарските патеки на Јакупица и врвот Солунска Глава, овозможено со проектот Планинска служба Азот на Цивика мобилитас, амбасадорката Сибил Сутер Тејада во саботата, на 20 јули 2019 година го посети Планинарското друштво „Чеплес“ и се приклучи на искачувањето до Солунска Глава (2540 метри).

За време на посетата, амбасадорката дозна за предизвиците со кои се соочуваат локалните планинари за да ја гарантираат безбедноста на алпинистите, планинарите и планинските велосипедисти во посета на Јакупица. Нивниот ангажман е волонтерски.

Ситуацијата на планинарските патеки до Солунска Глава сега е подобра благодарение на финансиската поддршка од Швајцарија која преку Цивика мобилитас беше обезбедена и за Федерацијата на планински спортови на Северна Македонија. Федерацијата подготви и усвои регулатива и процедури за категоризација, поставување и одржување на патеки, влијаеше на јавноста за потребата од безбедни патеки и оспособи кадри за поставување и одржување на патеки.

# Избрани локалните ментори за институционалните грантисти на Цивика мобилитас

Учесниците кои влегоа во потесниот круг на програмата „Менторство за организациски развој“, фацилитирана од Ана Василаче, успешно ги завршија активностите поврзани со развој на вештини и на знаење. Со тоа, станаа ментори на новата генерација институционални грантисти на Цивика мобилитас.

Цивика мобилитас ќе ги ангажира Сунчица Саздовска, Љупка Симоновска- Шулц, Иван Јованов и Маја Смилевска за да ги поддржат институционалните грантисти од новата фаза во развој на нивните Планови за организациски развој.

Освен нив, Драгана Митровиќ, Марина Ѓорѓиоска Китаноска и Катерина Василеска исто така ја комплетираа менторската програма.

Менторите се спремни да им го пренесат нивното знаење и вештини на организациите. Исто така, кај нив ќе го зајакнат чувството на сопственост врз Плановите кои ги подготвуваат заедно преку партиципативен процес.

Фокусот на процесот кој претстои ќе се однесува на зајакнување на лидерството во менторираните организации, преминувајќи од индивидуалното лидерство накај колективното лидерство. Овој процес ќе им помогне на институционалните грантисти да ги направат потребните организациски промени за да ги остварат визијата, мисијата и целите кои организацијата се стреми да ги постигне. На овој начин грантистите ќе се поттикнат да работат како едно и ќе имаат многу поголемо влијание во општеството отколку кога секоја од организациите би работела засебно.

Програмата „Менторство за организациски развој“ е еден од главните инструменти за учење на Цивика мобилитас. Новиот менторски пристап е надоградба на искуството во претходната фаза на Цивика мобилитас (2014-2018) и фидбекот добиен од претходните институционални грантисти.

www.civicamobilitas.mk

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

**Главен и одговорен уредник: Гонце Јаковлеска**

**Уредник: Александра Силјановска**

**Адреса на редакцијата: ул. Никола Парапунов бр. 41а, поштенски фах 55, 1060 Скопје**

**Телефон: ++ 389 (0)2 3065 381**

**Е-маил: helpdesk@civicamobilitas.mk**

CIVICA MOBILITAS

**„Граѓаните за промена“ го издава програмата Цивика мобилитас финансиски поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а спроведувана од НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска**



Прилозите објавени во ова списание ги изразуваат погледите на авторите и/или организациите кои придонесуваат кон списанието, но не оние на Амбасадата на Швајцарија/Швајцарската агенција за развој и соработка или оние на организациите спроведувачи: НИРАС, МЦМС или ФЦГ.



**www.civicamobilitas.mk**